Врз основа на Стратегијата за развој на волонтерството во општина Битола 2023-2026 и Акцискиот план за развој на волонтерството 2023-2026, а во соработка со Локалниот Совет за волонтерство, Општина Битола објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**

**за доделување на финансиски средства од Буџетот на Општина Битола за реализација на активности од акцискиот план за развој на волонтерството за организирање на волонтерски акции**

**1.Вовед**

Овој повик се однесува на доделување на финансиски средства од Буџетот на Општина Битола на реализација на активности од акцискиот план за развој на волонтерството, за организирање на волонтерски акции, а во насока на остварување на заложбите на Општина Битола за поддршка на граѓанските организации во промоцијата и поттикнувањето на активизмот на граѓаните и нивната поголема вклученост во активности од суштествено значење за локалната заедница, како што е волонтирањето и општествената одговорност.

**2.Волонтерските акции** може да се реализираат на отворен или затворен јавен простор (училишта, градинки, детски игралишта, плоштади, паркови и сл.) и вклучуваат граѓани од различни целни групи (пол, возраст, етнички и социјални групи, професии и сл.). Идеи за волонтерски акции: расчистување, садење дрвја и зеленило, разубавување на јавни простори, цртање на мурали, изработка на клупи/маси од палети, средување на училишни дворови, бојадисување на огради, вело паркинзи, канти за отпадоци, поправки и бојадисување на клупи, детски реквизити во паркови и сл.[1]

**3. Бодирани критериуми за аплицирање** (Максимум 100 бодови)[2]

3.1.Основни организациски критериуми кои треба да ги исполнуваат здруженијата и фондациите се:

3.1.1. Да се регистрирани согласно Закон за здруженија и фондации („Службен весник на РМ" бр.52/10, 135/11, 55/16 и 239/22)

---

[1] Напомена: за сите одобрени волонтерски акции дополнително ќе треба да се обезбеди дозвола од одговорните за користење на јавниот простор/опрема, како предуслов за имплементација на активностите.

[2] За да биде квалификувана за финансиска поддршка, апликацијата мора да освои најмалку 50 бодови.

3.1.2. Да имаат седиште во Општина Битола и

3.1.3. Да имаат потпишано Писмо за поддршка или Меморандум за соработка со јавна институција, училиште, градинка или факултет со седиште во општина Битола.

3.2. Посебни проектни критериуми врз основа на кои ќе се врши проценка на квалитетот на проеките на здруженијата и фондациите се:

3.2.1. Организациски капацитет (профил, капацитет, релевантно искуство од областа на волонтерство и општествената одговорност). **30**.

3.2.2. Опис на акција/проект (цели, резултати, активности, пристап). **30**.

3.2.3. Ефекти во локалната средина (влијание врз целни групи, одржливост).**20.**

3.2.4. Буџет (соодветно изразени активности во буџетот и оправданост на трошоците). **20.**

**4. Временската рамка** за спроведување на волонтерските акции е до 15 декември 2026 година

**5. Висината на финансиските средства** кои ќе се доделат за организација за волонтерска акција изнесува најмногу до 30.000 денари.

Вкупниот фонд за поддршка на волонтерски акции е 400.000 денари.

Трошокот за волонтерски надоместоци во согласност со Законот за волонтерство да не е поголем од 1/3 од вкупниот буџет на предлог проектот. Надоместокот за волонтери не можат да го добијат вработени лица во организациите апликанти и партнери или постојано ангажирани лица со хонорари, како и вработени во јавни институции кои ќе учествуваат во активностите.

Неподобни трошоци во предлог буџетот се трошоци за плати и хонорари.[3]

**6.Поднесок на апликации**[4]

6.1.Здруженијата и фондациите имаат право да поднесат една апликација за финансиска поддршка што може да биде одобрена од Комисијата за финансии и буџет.

6.2.Повеќе здруженија може да аплицираат заеднички со една волонтерска акција.

---

[3] Доколку има повеќе исти или слични апликации за волонтерски акции Локалниот Совет за волонтерство може да препорача на одредени апликанти заемна соработка со други апликанти.

[4] На повикот може да учествуваат и училишта, граѓански иницијативи и други неформални групи кои ќе поднесат апликации во партнерство со здружение или фондација.

**7.Потребна документација за пријавување:**

7.1.Пополнет Образец пријава и предлог проект (достапен на веб страната и шалтерите во Општина Битола).[5, 6]

7.2.Тековна состојба од Централен регистар на РМ (може и копија) не постара од 6 (шест) месеци.

7.3. Писмо за поддршка или меморандум за соработка потпишан од јавна институција, училиште, градинка или факултет со седиште во општина Битола.

7.4. Документацијата се доставува во затворен плик до Општина Битола - Одделение за јавни дејности, со назнака Волонтерски акции 2026 година, Булевар „1-ви Мај" бр.61, во рок од 10 работни дена од денот на објавување на овој повик заклучно со 02.04.2026.

8. **Користење на доделените средства**

8.1.Начинот на користење на финансиските средства ќе биде специфициран во договорот кој ќе биде склучен помеѓу здружението/фондацијата и општина Битола.

8.2.Локалниот Совет за волонтерство го следи наменското трошење на доделените средства корисниците на средствата се должни по завршување на активностите да достават извештај кој вклучува опис на реализираните активности и соодветна фото-документација по електронски пат на следната e-mail: адреса sovetzavolonterstvobt@gmail.com.

Бр.08-402/1
19.03.2026 год.

ГРАДОНАЧАЛНИК
Тони Коњановски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА БИТОЛА

---

[5] Доколку предлог проектот е поднесен од коалиција на здруженија или друг вид на партнерство, истото треба да се наведе во апликацијата и завери со потпис и печат.

[6] Доколку апликантот има партнерство со училишта мора да приложи потпишано, со печат, партнерство или меморандум за соработка.